# АНАЛИЗА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО ГРАД СКОПЈЕ

Октомври 2022 година, Скопје

Автори:
Томислав Гајтаноски
Гордана Родиќ

**СОДРЖИНА**

1. ВОВЕД ... 3
2. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ... 3
3. МЕТОДОЛОГИЈА ... 5
4. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА – ПРАВНА, СТРАТЕШКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ... 7
 4.1. Меѓународна рамка ... 7
 4.2. Правна и стратешка рамка на национално ниво ... 9
 4.3. Стратешка рамка на Град Скопје ... 11
5. АНАЛИЗА НА ПРИБРАНИ ПОДАТОЦИ ПО ОБЛАСТИ ... 13
 5.1. Информираност и познавање на правата на детето ... 14
 5.2. Недискриминација ... 16
 5.3. Почитување на мислењето на детето и здружување на децата ... 17
 5.4. Безбедност и заштита од насилство ... 23
 5.5. Квалитет на образование ... 28
 5.6. Здравје ... 30
6. ПРЕПОРАКИ ... 32
7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 35

# 1. ВОВЕД

Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ во соработка со Центар за интеграција и поддршка на граѓани (SIEC) го спроведува проектот „Развивање на Стратегија за правата на детето на Град Скопје“, кој што е поддржан од Град Скопје, Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2022 година и Амбасадата на Република Словачка, кој ќе му овозможи на Град Скопје да го трасира патот кон создавање поправеден свет за секое дете!

Општата цел на проектот е да придонесе за унапредување на правата на децата во Град Скопје со посебно внимание на децата на улица, да овозможи целосна имплементација и промоција на Конвенцијата за правата на детето, со посебен осврт на стратешки горливиот проблем на градот: децата на улица. Проектот исто така има за цел да ја реализира визијата на Град Скопје како град по мерка на децата.

За да се постигне оваа цел, проектот предвиде базично истражување за примената на правата на детето на територијата на Град Скопје, кое ќе послужи како консултативен процес преку кој децата, граѓанските организации и институциите ќе ги споделат своите мислења и перцепции околу детските права и ќе претставува појдовна основа при развивањето на приоритетни мерки за подобрување на општата благосостојба на децата во наредните 5 години.

Во согласност со Конвенцијата за правата на детето (КПД), националното законодавство и другите меѓународни документи посветени на децата, Градот Скопје е должен да преземе мерки за да обезбеди почитување на правата на децата и да овозможи безбедност и заштита на сите нивоа.

# 2. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во изминатиот период, може да се забележи зголемено познавање на Конвенцијата за правата на детето од страна на децата, во споредба со претходните истражувања на оваа тема, при што сѐ повеќе го препознаваат правото на изразување на своето мислење. Сепак, при повреда на своите права децата многу малку се обраќаат во стручните служби во училиштата, а постојат и деца кои не се охрабруваат воопшто да пријават.

Принципот на недискриминација е вграден во законската и стратешката рамка во образованието, но сепак има потреба од дополнителни мерки и активности за подигнување на свеста на децата, родителите, но и на наставниците во ова поле. Децата препознаваат дискриминација најчесто врз основа на *успехот на училиште, возраста, полот како и* физичкиот изглед. Меѓутоа, децата се однесуваат со почит кон своите врсници со попреченост. Ученичкиот правобранител, кој е предвиден со Законот за основно образование, сѐ уште не е доволно функционален и препознатлив помеѓу децата во училиштата. Учениците многу малку се убедени дека ученичкиот правобранител успешно се застапува за заштита на правата на учениците во училиштето. Училиштата суштински не обезбедуваат доволно поддршка кон овој модел на заштита на детските права.

Ученичкото учество како еден од генералните принципи на детските права е најдобро средство преку кое учениците можат да влијаат врз процесите на одлучување во училишниот живот и во заедницата. Сѐ уште постојат предизвици при начините на

прибирање на мислењата на децата и нивно валидирање во процесот на донесување на одлуки, иако децата изјавуваат дека возрасните ги консултираат за битни прашања. Децата најмногу се вклучени кога избираат претседател на одделението т.е. класот, кога им е потребна дополнителна настава/едукација по некој предмет, како и за мислењето за наставниците. Од друга страна, изборот на претседатели како и ученички парламент, како форма за ученичко учество, не секогаш се практикува на демократски начин. Исто така, ученичките парламенти не се доволно транспарентни при својата работа, а мал дел од учениците сметаат дека ученичките парламенти имаат знаења и вештини да ги претставуваат соучениците во училишниот живот, како и да влијаат врз одлуките што ги донесуваат возрасните.

Децата сметаат дека треба да учествуваат во донесување на одлуки на ниво на општина. Меѓутоа, општините и Град Скопје немаат практика на консултација на децата при годишното финансиско планирање во однос на приоретизација при распределбата на средства, а детските права не се на највисоко ниво на приоритет на политичката агенда. Ова го потврдуваат и Завршните согледувања на Комитетот за правата на детето, каде укажуваат на вклучување на децата при буџетирање на локално и национално ниво.

Училиштата сѐ уште не се целосно подготвени да се справат со проблемот на растечко насилство и со различните видови насилство за што сведочат извештаите на Народниот Правобранител, како и наодите од истражувањето. Учениците најмалку се чувствуваат безбедни на интернет, а мнозинство смета дека има насилство во нивното училиште, пред сѐ вербалното и социјалното насилство. Загрижувачки е тоа што учениците не се охрабруваат да пријават насилство. Учесниците во истражувањето сметаат дека има потреба да се работи на превенција и справување со булинг на различни основи, како и на подобрување на довербата на децата кон стручните служби за обезбедување поддршка.

Децата и младите се доста присутни на социјалните мрежи, најчесто на Instagram, Snapchat и ТикТок (68,1 %). Меѓутоа, спротивно на правилата и законската регулатива, постојат и деца под 13 години кои имаат профили на социјалните мрежи. Социјалните мрежи најчесто се користат за забава, гледање и споделување слики и видеа. Децата се сведоци на ситуации кога податоци, фотографии или видеа се споделени на интернет без нивна согласност.

Во однос на квалитетот на образованието, сѐ уште се забележува примена на традиционален начин на настава од страна на наставниците. Децата забележуваат дека мал број на наставници користат интересни начини за пренесување на знаењето за време на наставата. Дополнително на тоа, децата многу малку применуваат компјутер, паметна табла или друга опрема во училишната настава. Наставниците многу малку користат дигитални алатки при наставата кои ќе обезбедат интерактивност и разновидност при пренесување на знаењата.

Во училиштето според учениците најмногу недостасува креативност кај наставниците, просторни и технички услови за учење, како и разновидни вонnаставни активности. Голем дел од учениците не учествуваат воопшто во училишни секции, а некаде речиси и не постојат. Искуствата покажуваат дека наставниците не се секогаш спремни на работење поврзано со дополнителни активности и дека треба да има систем на евалуација и проценка на нивното работење.

Во однос на инклузијата, сѐ уште не е целосно обезбедена пристапност во училиштата во Скопје. И покрај тоа што се градат сензорни соби за училишта, понекогаш и не се оптимално искористени, а од друга страна наставниците имаат потешкотии со инклузијата на децата со посебни потреби.

Пандемијата и мерките за контрола влијаеја врз животот на децата и младите, особено во оние области кои се важни за нивното ментално здравје и благосостојба. Посебно беа погодени децата кои живеат во сиромаштија. Истражувањето покажа дека, иако добар дел од децата внимаваат на своето здравје, сепак постојат деца кои многу ретко внесуваат здрава храна, спијат доволно или се физички активни што придонесува кон нарушување на менталното здравје и појава на анксиозност, депресија, стрес и вознемиреност. Загрижувачки е тоа што голем дел од децата не сакаат со никого да разговараат за своите чувства. Како резултат на тоа, се јавува потреба од јакнење на стручните служби во училиштата кон засилена поддршка и идентификување на деца во потенцијален ризик.

Генерално, не постои соодветен систем на прибирање, одржување на известување на податоци за децата, посебно децата во ризик и сиромаштија на ниво на Град Скопје. Иако постојат искуства, сепак не постои сеопфатен систем на поддршка за деца во ризик во насока на исполнување на нивните примарни потреби, во однос на домување, образование и здрав живот. Иако, плановите на Град Скопје предвидуваат мерки за подобрување на квалитетот на животот на децата, сепак има потреба од дополнителни мерки кои вклучуваат повеќе зелени површини, воспоставување на (детски и младински) центри за квалитетно исполнување на слободното време, како и подобрена меѓусекторска и меѓуопштинска комуникација.

# 3. МЕТОДОЛОГИЈА

**Цел на истражувањето:**
Целта на истражувањето беше да се утврди моменталната состојба на почитување на правата на децата во Град Скопје. Анализата од истражувањето ќе послужи како информативна основа за развивање Стратегија на Град Скопје за унапредување на правата на децата.

**Предмет на истражувањето:**
Предмет на ова истражување беа 8 области, кои беа утврдени во консултативен процес со засегнатите страни пред подготовката на инструментите за ова истражување, и тоа:

- Информираност и познавање на правата на детето
- Недискриминација
- Почитување на мислењето на детето
- Слобода на здружување и мирно собирање
- Безбедност и заштита од насилство
- Квалитет на образование
- Здравје

**Методи за прибирање податоци**
Со цел да се добијат сеопфатни резултати, истражувањето вклучи квантитативни и квалитативни методи со цел да се добијат различни видувања од различни чинители. Процесот ги вклучи следниве методи за собирање податоци:

- Анализа на правна и институционална рамка
- Анкета со деца
- Структурирани интервјуа со локални чинители

*Анализа на правна и институционална рамка*

Процесот на прибирање на податоци ја анализираше правната и институционалната рамка меѓународно ниво, на национално ниво и на ниво на Град Скопје. Законодавството ги опфати сите закони, подзаконски акти, стратешки документи, акциски планови, анализи, извештаи, дадени препораки. Беше анализиран и буџетот на Град Скопје за 2022 година, со фокус на распределба на средства за спроведување на правата на детето.

*Анкета со деца*

Со цел квантитативно прибирање на податоци, истражувањето вклучи анкетен прашалник со вкупно 58 прашања, воглавно од затворен тип, наменет за деца на возраст од 10 – 17 години, фокусирајќи се на сите погоренаведени области што беа предмет на ова истражување. Прашалникот се спроведе на електронски начин со употреба на платформата SurveyMonkey, достапен на македонски и албански јазик. При спроведување на анкетата беше земена предвид согласност на родителите за учество во децата во истражувањето, како и веќе воспоставената соработка на ПДАС Мeѓаши со училиштата. Прашалникот беше дистрибуиран до основните и средните училишта во Град Скопје, вклучувајќи ги сите 10 општини. Анализата на податоците се спроведе со помош на SPSS програмата за статистичка обработка на податоци, додека добиените статистички податоци се надополнети со квалитативните наоди од спроведените интервјуа.

*Структурирани интервјуа со локални чинители*

Со цел квалитативно да се утврдат перцепциите и перспективите за спроведување на Конвенцијата за правата на детето за таргетираните области, се спроведоа интервјуа со релевантни институции, како и со активните граѓански организации. Една од целите на интервјуата беше да се приберат препораки за приоритетни мерки во наредниот период. Следните чинители беа интервјуаирани:

- Град Скопје
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје (ЈУМЦСР)
- Народен Правобранител (Заменик Народен Правобранител)
- Собрание на РСМ, Љатифе Шиковска, пратеник
- УНИЦЕФ
- Детска Фондација Песталоци
- Градинка 08 Април, Шуто Оризари
- НВО Центар за заштита на децата во Шуто Оризари
- НВО КМОП Скопје - Центар за семејно и детско згрижување
- НВО Младински Образовен Форум

# 4. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА – ПРАВНА, СТРАТЕШКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

## 4.1. Меѓународна рамка

**Конвенција за правата на детето**

Конвенцијата за правата на детето е меѓународен договор донесен од страна на Обединетите нации на 20 ноември 1989 година, во кој се содржани правата за кои се договориле државите дека им припаѓаат на сите деца насекаде низ светот. Конвенцијата ги утврдува темелните стандарди за добросостојбата на децата во различните фази на нивниот развој, поставува детална рамка за минималните стандарди што се потребни за постигнување на напредокот на децата. Конвенцијата го дефинира односот меѓу носителите на права (децата) и носителите на обврски (возрасните). Воспоставувањето на статусот „носител на права“ и „носител на должности“ и примената на овој принцип е во суштината на остварувањето на значајни и одржливи промени во животите и перспективите на децата и како таков мора да биде наведен при кое било барање направено од, со или во име на децата.

Конвенцијата стапи во сила во 1990 година, по ратификацијата од страна на 20 земји. Нашата држава ја ратификуваше Конвенцијата во 1993 година. Земјите што ќе ја прифатат (ратификуваат) оваа Конвенција, преземаат обврска да создадат услови за практично остварување на детските права. Тие редовно поднесуваат извештаи до стручниот Комитет за правата на детето при ООН, за мерките што се преземаат за да се сообразат со одредбите на Конвенцијата.

Во текот на октомври 2022 година, Комитетот за правата на детето при Организацијата на Обединетите Нации ги објави **Завршните согледувања (Concluding Observations on the combined third to sixth periodic reports of North Macedonia)**[1] во однос на примена на Конвенцијата за правата на детето во РС Македонија, каде се нотира прогресот на државата во изминатите 10 години.

Комитетот ги нотира различните законодавни, институционални и политички мерки преземени од државата-членка за спроведување на Конвенцијата, особено донесувањето правна рамка со која се препознаваат значителен број членови од Конвенцијата и измените направени на Законот за Народниот правобранител за да се донесе во согласност со Париските принципи. Во однос на *Распределба на ресурси* се препорачува Зголемување на буџетските средства за остварување на правата на децата, со особено внимание на децата во ранливи ситуации; Да се зајакнат мерките за да се осигури дека буџетските распределби на секторите што го поддржуваат остварувањето на правата на децата не се засегнати од неповолни економски услови или вонредни состојби и можат да го ублажат негативното влијание на пандемијата Ковид-19; како и **да се вклучат граѓанските организации за правата на детето и децата во буџетските одлуки што ги засегаат** и соодветно да се земат предвид нивните мислења.

Понатаму, Комитетот нотира загриженост за понатамошното постоење стереотипи и општествени норми кои ја одржуваат дискриминацијата врз децата, особено врз децата Роми, децата со пречки во развојот, ЛГБТ и интерсексуалните деца и врз основа на нивниот

---

[1] Concluding Observations on the combined third to sixth periodic reports of North Macedonia, достапно на англиски јазик на https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRC%2fC%2fMKD%2fCO%2f3-6&Lang=en

социјален статус. Исто така, во областа Насилство врз децата, меѓу другото Комитетот изразува загриженост за:

- Недоволни средства наменети за спроведување на Националниот акционен план против насилство;
- Недостатоци на локалната инфраструктура за заштита на децата, вклучително и недоволни професионалци кои работат за и со деца;
- Недостаток на координирани и јасни протоколи и соработка за релевантните институции на локално ниво за спречување и одговор на сите форми на насилство врз децата, вклучително и физичка и сексуална злоупотреба во домот, со цел да се избегне секундарна виктимизација;
- Недостаток на пријавување на насилство и потреба од повеќе социјални работници кои работат со деца изложени на ризик од насилство на локално ниво, како и потреба од повеќе градење компетентност;
- недоволна образовна и друга соодветна поддршка за родителите за зајакнување на позитивните родителски вештини за ненасилно воспитување, особено за родителите на деца во ранливи ситуации;
- Недостаток на социјална свест за насилството и пасивно прифаќање на насилството врз жените и децата поради традиционалните ставови и верувања во однос на родовите улоги;
- Недоволни системски напори насочени кон справување со врсничкото насилство во училиштата, онлајн малтретирањето и насилството врз ЛГБТ младите, децата со попреченост и децата Роми;

Дополнително во областа Основно здравје и благосостојба се забележува загриженост за зголемување на прекумерната тежина и дебелината кај децата на училишна возраст.

**Стратегија на ЕУ за правата на детето**

Во март 2021 Европската Комисија ја усвои **Стратегијата на ЕУ за правата на детето[2],** која беше развиена за деца и заедно со децата. Во подготовката на оваа стратегија се земени предвид ставовите и предлозите на над 10.000 деца. Децата, исто така, беа вклучени во подготовката на нејзината верзија прилагодена за деца, со што се означува ново поглавје и важен чекор за ЕУ кон суштинско учество на децата во нејзините процеси на одлучување. Стратегијата вклучува серија насочени акции во шест тематски области, при што секоја ги дефинира приоритетите за дејствување на ЕУ во наредните години и тоа:

1. Учество во политичкиот и демократскиот живот
2. Социо-економска инклузија, здравство и образование
3. Борба против насилството врз децата и обезбедување заштита на децата
4. Правда по мерка на децата
5. Дигитално и информатичко општество
6. Глобална димензија

**Европската гаранција за деца**

Во јуни 2021 година ЕУ ја усвои **Европската гаранција за деца[3]** со цел превенција и борба против социјална исклученост преку гарантирање на пристапот на децата од ранливи категории до клучни услуги, придонесувајќи кон детска заштита преку борба со детска

---

[2] Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions EU Strategy on the rights of the child, COM/2021/142 final, достапна на англиски јазик на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX%3A52021DC0142

[3] Европската гаранција за деца, јуни 2021, достапна на англиски јазик на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=uriserv%3AOJ.L_.2021.223.01.0014.01.ENG&toc=OJ%3AL%3A2021%3A223%3ATOC

сиромаштија и поттикнување на еднакви можности. Според тоа, се препорачува државите членки на ЕУ да обезбедат гаранција на децата од ранливи категории на:

- Ефективен и слободен пристап до квалитетно рано образование и грижа
- Образование и училишни активности
- Ефективен пристап до здрава исхрана - најмалку еден здрав оброк во секој училишен ден
- Здравствена заштита
- Соодветно домување

Овие услуги треба да бидат бесплатни и лесно достапни за децата на кои им се потребни. При идентификување на децата на кои им требаат овие услуги и дизајнирање на нивните национални мерки, земјите-членки треба да ги земат предвид специфичните потреби на децата од обесправени средини, како што се оние кои се бездомници, со попреченост, оние со несигурни семејни ситуации, мигрантско потекло, малцинско, расно или етничко потекло, или оние на алтернативна грижа.

**Стратегија за правата на детето на Совет на Европа**
Во февруари 2022 година, Комитетот на министри при Советот на Европа ја усвои новата **Стратегија за правата на детето (2022-2027) „Детските права во акција: од континуирана имплементација до заедничка иновација“**[4], која беше развиена преку голем консултативен процес во кој беа вклучени националните влади, меѓународните организации, граѓанските организации и 220 деца од 10 земји-членки.
Стратегијата ги идентификува следните шест стратешки цели:

- Слобода од насилство за сите деца
- Еднакви можности и социјална вклученост за сите деца
- Пристап до безбедно користење на технологии за сите деца
- Правда по мерка на детето за сите деца
- Давање глас на секое дете
- Правата на децата во кризни и вонредни ситуации

## 4.2. Правна и стратешка рамка на национално ниво

Домашната правна рамка за правата на детето во голема мера е во согласност со меѓународните стандарди, но главната пречка за целосна реализација на детските права останува слаботo спроведување на законите, недостатокот на стратешки пристап и ограничените финансиски, човечки и технички ресурси[5]. Не постои национален, ниту локални акциски планови за правата на децата. Координативното тело за спроведување и следење на КПД - Националната комисија за правата за децата во Македонија не функционира повеќе години.

Законот за Народниот правобранител не е во целост усогласен со Париските принципи. Во рамките на институцијата, формирано е посебно одделение за заштита на правата на децата, со цел за поактивно и пошироко вклучување во заштитата на правата на децата. Меѓутоа, човечките капацитети во Посебното одделение за заштита на правата на децата и

[4] Стратегија за правата на детето (2022-2027), Совет на Европа, достапна на англиски јазик на: https://rm.coe.int/0900001680a5a064
[5] Алтернативен извештај на невладините организации за состојбата со правата на децата во Македонија, Македонска национална коалиција за правата на детето, декември 2020 година, достапно на македонски јазик на: http://megjashi.org.mk/content/pdf/%D0%90%D0%BB%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98_%D1%84%D0%B8%D0%BD.pdf

лицата со попреченост остануваат ограничени. Институциите ретко постапуваат по препораките на Народниот правобранител за системските промени.

Недостасува системски пристап кон собирањето податоци, особено за деца во ранливи состојби. Државните трошења за деца во областите на социјалната заштита, образованието и здравствената заштита бележат тренд на намалување и не секогаш има јасна слика за алокацијата и реализацијата на средствата наменети за децата.

Новиот **Закон за основно образование**[6] е донесен во 2019 година, со кој фокусот се става на инклузија на децата во образовниот систем. Законот се темели на начелата за најдобар интерес и целосен развој на ученикот, и еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност во образованието. Во законот за прв пат се регулира правото на учество на децата во донесувањето на одлуки во училиштата и тоа во член 68 преку ученичкиот парламент, кој меѓу другото активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците. Истиот член го регулира ученичкиот правобранител кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Во јануари 2020 година согласно со Законот за основно образование, беше подготвен Водич[7] за примена на законот во однос на учеството и заштита на детските права, од страна на Коалицијата СЕГА и БРО. Законот многу подетално ја третира заштитата од *дискриминација* и промоција на еднаквост и предвидува и афирмативни мерки за заштита од дискриминација, според кој се забранува секоја директна или индиректна дискриминација. Фокусот на овој Закон се става особено на инклузијата на децата во образовниот систем. Според законот, „Инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование“.

Со **Законот за средно образование**[8] се уредува организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование, како дел од системот на воспитанието и образованието. Законот, исто така, не дозволува дискриминација заснована на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба. Според овој закон, средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон.

Состојбите во училиштата укажуваат на потребата од понатамошно дејствување со цел да се опфатат што е можно поголем број училишта во кои би се примениле моделите на учество и би се зајакнувале капацитетите на децата, наставниот кадар, педагошко-психолошките служби и на раководствата на училиштата. Овие потреби се посебно изразени во средното образование каде што сѐ уште не е донесен нов закон со кој дополнително ќе се уреди учеството на децата во донесувањето на одлуки по примерот на Законот за основно образование[9].

Од особено значење во овој сегмент е донесувањето на Концепцијата за инклузивно образование во јули 2020 година која предвидува целосен опфат на сите деца во воспитно-

---

[6] Закон за основно образование – Службен весник, бр. 161/2019, достапно на македонски јазик на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/dc070a58a138483aa68da4517a10ac1e.pdf

[7] Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта – Коалиција на младински организации СЕГА, 2020 г., достапно на македонски јазик на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Vodic-za-ucenicko-uchestvo-i-organiziranje_MK.pdf

[8] Закон за средно образование – консолидиран текст, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020, достапен на: https://www.mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20srednoto%20obrazovanie.pdf

[9] Алтернативен извештај за спроведување на Конвенцијата за правата на детето, Коалиција на младински организации СЕГА, август 2020 година, достапен на македонски јазик на: https://www.sega.org.mk/images/pdf/Alternativen_Izvestaj_za_sproveduvanje_na_KPD_vo_RSM_MK.pdf

образовниот процес. Исто така, во РС Македонија постои **Стратегијата за образование 2018 - 2025 година** како и **Концепцијата за основно образование**, донесена во март 2021 година од страна на МОН.

Во 2017 г. со одлука на Владата на РСМ е формирано **меѓуресорско Национално координативно тело за заштита на децата од злоупотреба, насилство и занемарување.** Исто така, во 2019 година е донесена Национална стратегија (2020 – 2025) и Акциски план (2020 – 2022) за превенција и заштита на децата од насилство[10]. Во јуни 2020 година МОН донесе **Упатство за постапување на училиштата во случаи на насилство**[11] и особено е важно да се обучат наставниците, како и педагошко-психолошката служба. Во 2013 година е донесен **нов Закон за заштита на децата, како и Закон за правда на детето**.

Со **Законот за правда на децата**[12], се уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, на воспитни и алтернативни мерки и за казнување на децата и помладите полнолетни лица, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со децата и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни. Исто така, со законот се уредуваат мерките за заштита на децата жртви на дејствија, кои со закон се предвидени како кривични дела и на децата сведоци и мерките за превенција на детско престапништво.

Со **Законот за заштита на децата**[13] се уредува системот и организацијата за заштита на децата. Во оваа смисла, законот ја дефинира заштитата на децата како организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата. Во примената на одредбите од овој закон се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.

## 4.3. Стратешка рамка на Град Скопје

Во рамките на Град Скопје активна е **Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Град Скопје за период 2019-2024**[14].

[10] Стратегија за заштита на деца од сите форми на насилство 2020 – 2025 со Акциски план за 2020 – 2022, достапни на македонски јазик на: http://dspdp.com.mk/vesti/nacionalna-strategija-2020-2025-i-akciski-plan-2020-2022-za-prevencija-i-zastita-na-decata-od-nasilstvo/

[11] Упатство за постапката за пријавување ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, Министерство за образование и наука, јуни 2020 г.

[12] Закон за правда на децата, „Службен весник на РМ“ бр.148/13, и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и бр. 275/12, достапен на македонски јазик на: https://www.pravda.gov.mk/upload/Documents/Zakon%20za%20pravda%20na%20deca.pdf

[13] Закон за заштита на децата, консолидиран текст, август 2022 година, достапен на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/Zakon%20DZ/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%20%D0%B0%D0%B2%D0%B3%D1%83%D1%81%D1%82%202022.pdf

[14] Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Град Скопје за период 2019-2024, октомври 2019 г., достапна на: https://skopje.gov.mk/media/4493/%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0-

Генералната цел на стратегијата е *Создавање „едно“ училиште за сите ученици, независно од нивната етничка припадност, и поттикнување и развивање на граѓанската партиципативност на учениците од средните училишта на Град Скопје*. Град Скопје како посебна единица на локалната самоуправа е надлежен за 23 средни училишта кои се наоѓаат на неговото подрачје. Со процесот на децентрализација Градот Скопје ги презеде следниве надлежности во областа на образованието: основање, финансирање и учество со свои претставници во органите на управувањето на јавните средни училишта на подрачјето на градот Скопје. **Именување директори на јавните средни училишта и на ученичките домови (во согласност со закон) и организирање превоз, исхрана и сместување на ученици во ученичките домови** (во рамки на преземените надлежности во сферата на ученичкиот стандард). **Детските права, со фокус на правото на учество на децата се застапени во *Поглавје 5. Училишна клима и односи во училиштето* (правата на децата, еднаков и правичен третман на сите ученици, прифаќање и промовирање на мултикултурализмот).** Стратегијата содржи и Акциски план за целиот период на спроведување, со конкретни активности, одговорни институции и конкретни показатели на успешност.

Детските права понатаму се адресираат и во **Стратешки план на Град Скопје за период 2020-2022 година**[15], поконкретно во Приоритет 5: Градење на човечки, технички и финансиски капацитети. Во рамките на Стратешкиот план, фокус е ставен на образованието каде се планирани следните мерки:

- 5.14. Подигање на квалитетот на образовни услуги во средните училишта; Збогатување на програмата за **вон наставни активности во склад со современите барања на учениците; Стипендирање на ученици; Финансирање на образовни асистенти и Унапредување на меѓуетничката интеграција во скопските средни училишта и граѓанската партиципативност на млади**те
- 5.15.Превземање иницијатива за законски измени во насока на завршување на процесот на децентрализација во образованието (лобирање)
- 5.16.Кадровско екипирање на Секторот за образование
- 5.17.Аутсорсинг на активности за тековна поддршка на училиштата (за **обезбедување** на објектите, за **реконструкција**, за хигиенско-санитарни услови во објектите)

**Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје, со акционен план за период 2018-2021**[16], исто така обезбедува одреден фокус на благосостојбата на децата во различни области. Така на пример, во рамките на Стратешка цел: *Подобрување на просторни квалитети и функции на градот,* предвидена е мерка *Политика на третман на комунален отпад (селекција на отпад),* според која се приоретизира заштитата на животната средина. Мерката меѓу другото вклучува активности за подигнување на јавната свест за потребата од здрава и чиста животна средина во однос на обезбедување чист воздух, намалување на отпад, **воспоставување наменски индикатори за процена на ризиците за здравјето на децата од загадениот воздух.** Во истата стратешка цел предвиден е и проект *Обиколен пат од стариот пат Скопје – Тетово (наплатна рампа) до полициската станица Матка*, во насока на *подобро функционирање, растеретување и*

---

%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%B8-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%B2%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%87%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4-%D1%81%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5.pdf

[15] Стратешки план на Град Скопје за период 2020-2022 година, достапен на https://skopje.gov.mk/media/4910/strateski-plan-na-grad-skopje-2020-2022.pdf

[16] Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје, со акционен план за период 2018-2021, достапна на https://skopje.gov.mk/media/4911/strategija-za-lokalen-ekonomski-razvoj-na-grad-skopje-so-akcionen-plan-period-2018-2021.pdf

*побезбеден сообраќај*, адресирајќи го меѓу другото и **зголемувањето на безбедноста на децата од селата и унапредување на животната средина**.

Во однос на финансиската конструкција на Град Скопје, предвидените расходи во **Буџетот на Град Скопје за 2022 година** беа 7.067.347.000,00 МКД[17]. Во буџетската категорија Образование (709 – 7092 Средно образование), предвидени се 1.955.600.000,00, од кои капитални расходи се 53.700.000,00 МКД. Според претходно наведеното, може да се забележи дека 27,8% од вкупниот буџет се предвидени за средното образование. **Не се евидентирани практики на консултативен процес со деца околу распределбата на средствата кои треба да бидат насочени кон генералната благосостојба на децата во Град Скопје.**

# 5. АНАЛИЗА НА ПРИБРАНИ ПОДАТОЦИ ПО ОБЛАСТИ

Во периодот септември – октомври 2022 година беше спроведена анкета за деца на возраст од 10 – 17 години во однос на нивните ставови и перцепции за примена на правата на детето во својата заедница, со фокус на училишниот живот и секојдневие. Анкетата имаше консултативен карактер вклучувајќи вкупно **113 ученици, од кои 44 машки (38,9 %) и 69 женски (61,1 %).**




Графикон 1. Преглед на испитаници по пол

Мнозинството испитаници се од Македонска етничка припадност (68,1 %), потоа од Албанска етничка припадност (20,4 %), па следуваат останатите етнички заедници како што е прикажано на Графикон 2.

[17] Буџет за 2022 година на Град Скопје, достапен на: https://skopje.gov.mk/media/7722/%D0%B1%D1%83%D1%9F%D0%B5%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4-%D1%81%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-2022-%D0%BE%D1%84%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD.pdf




Графикон 2. Преглед на испитаници по етничка припадност

Во процесот на истражување поголемиот дел од испитаниците беа **деца на возраст од 10 – 14 години (ученици во основно училиште) или вкупно 70 (61,9 %)**, додека **43 деца (38,1 %) беа на возраст од 15 – 17 години (ученици во средно училиште)**. Истражувањето обезбеди сразмерност при опфатот на различни возрасни групи на деца. Иако испитаници беа опфатени од сите 10 општини на територијата на Град Скопје, најголем дел од испитаниците беа од Општина Гази Баба (24,8 %), Карпош (22,1 %) и Чаир (15 %).

| Возраст | | |
|---|---|---|
| | Фреквенција | % |
| 10 години | 8 | 7.1 |
| 11 години | 10 | 8.8 |
| 12 години | 16 | 14.2 |
| 13 години | 17 | 15.0 |
| 14 години | 19 | 16.8 |
| 15 години | 12 | 10.6 |
| 16 години | 17 | 15.0 |
| 17 години | 14 | 12.4 |
| **Вкупно** | **113** | **100.0** |

Табела 1. Преглед на испитаници по возраст

## 5.1. Информираност и познавање на правата на детето

Еден од предизвиците кои редовно се забележуваат од граѓанските организации како и од Комитетот за правата на детето при ООН е и познавањето на Конвенцијата за правата на детето. Според тоа, прашалникот вклучи прашања за информираноста на учениците и степенот на познавање на детските права.

Во однос на препознавањето на детските права, испитаниците имаа можност за повеќе одговори на прашањето *„кои од следните права се дел од Конвенцијата за правата на детето?“*. Сите од наведените опции претставуваа права на детето а според одговорите,

може да се заклучи дека најголемиот дел на испитаниците ги препознаа сите наведени права. **69 % од децата демонстрираа познавање на правата** со тоа што изјавиле дека сите наведени изјави се права содржани во Конвенцијата за правата на детето, а интересно е тоа што **најголемиот дел од децата го избрале „правото на децата да кажат што мислат“**, што укажува на тоа дека децата се свесни за своето право на изразување на своето мислење, според член 12 од КПД. Испитаниците училе за детски права најчесто на час (24,78 %) по општество, граѓанско образование и на одделенски час.




Графикон 3. Познавање на Конвенцијата за правата на детето

Повеќе од половина испитаници изјавиле дека најчесто се обраќаат кај својата мајка кога сметаат дека им е прекршено некое право (57,5 %). Она што е интересно е и дека **13,3 % од испитаниците не се обраќаат кај никого доколку некое право им е повредено**. Загрижувачки е што многу малку се обраќаат кон стручните служби во училиштето (1,8 %). За најголем дел од учениците, *правото на живот, изразување на своето мислење и правото на безбедност и заштита од насилство им се најбитни права*.

| Кому му се обраќаш најчесто кога ти е повредено некое право? | | |
|---|---|---|
| | Фреквенција | % |
| Мајка | 65 | 57.5 |
| Татко | 12 | 10.6 |
| Брат | 2 | 1.8 |
| Сестра | 1 | 0.9 |
| Кај наставниците | 7 | 6.2 |
| Кај училишниот педагог, психолог или социјален работник | 2 | 1.8 |
| Кај ученичкиот правобранител | 2 | 1.8 |
| Кај другарите /другарките | 7 | 6.2 |
| Не се обраќам кај никого | 15 | 13.3 |
| **Вкупно** | **113** | **100.0** |

Табела 2. Најчесто обраќање при повреда на детски права

## 5.2. Недискриминација

Принципот на недискриминација подразбира дека децата не треба да бидат дискриминирани по ниту еден основ и дека треба да имаат еднакви можности за најголеми достигнувања, без оглед на нивната расна, полова или религиска припадност, политичка ориентација, национално, етничко или социјално потекло, економска позиција, попреченост, јазикот или која било друга состојба на детето, или на неговите родители/старатели.

На прашањето *„Дали во некоја ситуација си се чувствувал/а понижено?“*, најголемиот дел или **46 % изјавиле дека никогаш не се чувствувале понижено**, 30,1 % се почувствувале понижено еднаш или два пати, а додека **22,1 % изјавиле дека тоа им се случува повеќе пати**. Трите најчести причини за понижување според испитаниците *се успехот на училиште, возраста и полот*. Голем дел од испитаниците дополнително навеле дека физичкиот изглед исто така е причина за понижување.

Од друга страна, позитивно е тоа што на прашањето, *„Каков е односот на учениците кон децата со попреченост (физичка и/или ментална) во твоето училиште?“*, 46,9 % децата изјавиле дека се однесуваат еднакво како кон другите деца, додека 33,6 % им помагаат полесно да се вклопат во околината.




Графикон 4. Причини за понижување

Според интервјуто со претставничката на НВО КМОП Скопје – Центар за семејно и детско згрижување, многу е важно да се работи со децата и нивниот социјален аспект, во однос на начините на социјализација и основни вредности, наместо компетитивноста. Според КМОП, децата се уште се натреваруваат помеѓу себе околу изгледот, социјалниот статус на родителите, облекувањето, за сметка на меѓусебна почит и почитување кон наставниците. Исто така, евидентна е потреба и за подигање на свеста кај родителите кои често немаат време за основно воспитување на своите деца. Според НВО Центарот за заштита на деца, често се случуваат и навреди од страната на наставници кон децата кои се во економски ризик.

Во однос на постоењето на моделот ученички правобранител, кој е предвиден со Законот за основно образование, она што загрижува е дека најголем дел од испитаниците (56,64 %) не знаат дали има ученички правобранител во своето училиште, а 14,16 % изјавиле дека нема ученички правобранител. Помалку од една третина од испитаниците, или само 29,2 % изјавиле дека во своето училиште има ученички правобранител. По однос на возраста, може да се забележи дека во основните училишта повеќе испитаници одговориле дека имаат ученички правобранител, но сепак поголемиот дел смета дека нема т.е. не е информиран дали има ученички правобранител, или пак изборот на ученички правобранители сѐ уште не е направен, што укажува дека има потреба од подобра примена на Законот за основно образование во однос на обврската за воспоставување на овој модел.

Она што е интересно е дека, иако Законот за средно образование сѐ уште не вклучува ученички правобранител како модел за заштита на детските права, сепак правобранител функционира во некои од средните училишта. **За жал, повеќе од половина од испитаниците (51,3 %) не се информирани што прави ученичкиот правобранител**, додека само 23,9 % сметаат дека избраниот правобранител успешно се застапува за заштита на правата на учениците во училиштето.




Графикон 5. Застапување на ученички правобранител за детските права

## 5.3. Почитување на мислењето на детето и здружување на децата

Ученичкото учество има посебно лично и општествено значење, ако се земе предвид дека е најдобро средство преку кое учениците можат да учат како да застанат во одбрана на своите и правата на другите, како да влијаат врз процесите на одлучување и како се учествува демократски во животот на училиштето и на заедницата. Според членот 12 од Конвенцијата за правата на детето, децата имаат право слободно да го изразуваат своето мислење на кое треба да се обрне внимание согласно со нивната зрелост. Според членот 15, децата имаат право на здружување и на слобода на мирно собирање. Токму тоа, не само што им дава за право, туку и ги обврзува училиштата да ги учат учениците на демократско

раководење и владеење на тој начин што ќе обезбедат организирани форми на активно вклучување на учениците во демократските процеси. При тоа е многу важно таквите форми да не се сведат на симулација на правата и одговорностите што допрва треба да се стекнат, туку на учениците да им даде вистинска можност да влијаат врз донесувањето одлуки за прашања што се од интерес за нивниот живот во училиштето и надвор од него.

На прашањето „*Кој најчесто го бара твоето мислење за прашања кои се битни за тебе?*“, речиси две третини од испитаниците (65,5 %) изјавиле дека родителите / старателите најчесто го бараат мислењето од децата, додека најмалку го бараат брат (5,3 %) или сестра (0,88 %). Интересно е што дел од испитаниците (8 %) изјавиле дека никој не ги прашува или консултира за прашања кои се битни за нив. Од друга страна, мнозинството од децата (73,5 %) изјавиле дека мислењата кои ги даваат, *понекогаш* се прифаќаат, додека *секогаш* се прифаќаат за 22,1 % од испитаниците. Најчесто мислењата им се прифаќаат од родителите / старателите.




Графикон 6. Барање на мислење на децата за прашања битни за нив




Графикон 7. Прифаќање на мислење на децата за прашања битни за нив

Радува наодот што **90,3 % од децата знаат дека имаат право да учествуваат во донесување на одлуки за прашања кои се битни за нив**. Потребата за ова право го потврдува и интервјуто со пратеникот во Собранието на РСМ, кој констатира дека е многу важно да се слушне мислењето на децата преку неформални дебати и состаноци каде може да ги искажат своите потреби, без страв од последици од своето изразување. Дополнително, најголем дел од децата или **36,3 %** изјавуваат дека возрасните (наставниците и родителите / старателите) ги консултираат учениците за битни прашања и одлуката се донесува заеднички што укажува на високо ниво на учество во процесите на донесување одлуки.

| **Како најчесто се донесуваат одлуките во училиштето за прашања кои се битни за тебе?** | | |
|---|---|---|
| | Фреквенција | % |
| Наставниците самостојно ги донесуваат | 11 | 9.7 |
| Родителите / старателите ги донесуваат | 5 | 4.4 |
| Наставниците и родителите / старателите заедно одлучуваат | 22 | 19.5 |
| Наставниците и родителите / старателите нé прашуваат нас учениците за нашето мислење, но возрасните одлучуваат | 16 | 14.2 |
| Наставниците и родителите / старателите нé прашуваат нас учениците за нашето мислење и заеднички одлучуваме | 41 | 36.3 |
| Ние учениците самостојно одлучуваме | 3 | 2.7 |
| Не знам | 15 | 13.3 |
| **Вкупно** | **113** | **100.0** |

Табела 3. Најчесто донесување на одлуки во училиштето

На прашањето „*во кои од наведените одлуки досега си учествувал во твоето училиште?*“, имајќи можност за повеќе одговори, децата изјавиле дека најмногу учествуваат 1) кога избираат претседател на класот, 2) кога им е потребна дополнителна настава/едукација по некој предмет како и 3) за мислењето за наставниците. Интересно е

што 85 % од испитаниците изјавиле дека децата со попреченост се вклучени во процесите на донесување одлуки.




Графикон 8. Учество во донесување на одлуки

Во однос на тоа колку децата познаваат организации од Скопје кои работат со детски права, 37,2 % навеле дека познаваат такви организации. Испитаниците најчесто ги споменуваат ПДАС Меѓаши, УНИЦЕФ, Сумнал, СОС Детско Село и Здружение за заштита на правото на детето. Само 12,4 % од испитаниците изјавиле дека членуваат во организација која работи со деца.

Според испитаниците, претседателот/ката на класот или одделението најчесто се избира на начин според кој повеќе кандидати се претставуваат, а учениците гласаат тајно (54,9 %). Одделенската т.е. класната заедница најчесто одлучува за организирање на различни активности за учениците, за оценките на учениците и за екскурзиите кои ќе бидат организирани во текот на учебната година.




Графикон 9. Начин на избор на претседатели на одделенија и класови

Според **44,2 %** од испитаниците, во своето училиште редовно се бира ученички парламент како тело за практикување на учество во донесување на одлуки во училишниот живот. Од друга страна загрижува фактот што 51,3 % не се информирани дали редовно се бира ученички парламент, што укажува на потребата кај дел од училиштата за подобро практикување на Законот за основно образование. Можеби и дополнителна причина е тоа што доколку има ученички парламент, истиот е нефункционален или не е промовиран пред учениците. Само 30,1 % сметаат дека членовите на ученичкиот парламент во нивното училиште имаат знаења и вештини да ги претставуваат соучениците во училишниот живот.




Графикон 10. Избор на ученички парламент

Повеќе од половина од испитаниците, или **54,9 %** одговориле дека *делумно се согласуваат* со изјавата дека „*Учениците / ученичкиот парламент има влијание врз одлуките кои ги донесуваат возрасните во училиштето*“, а додека **25,6 %** *воопшто или делумно не се согласуваат*. Девојчињата имаат повеќе доверба во капацитетите на учениците / ученичкиот парламент во однос на влијанието врз процесите на одлучување во училиштето, во споредба со машките.




Графикон 11. Влијание на учениците врз донесување на одлуки во училиштето

*Речиси половина од испитаниците, или* ***48,7 %****, целосно се согласуваат со изјавата дека децата треба да учествуваат и да го кажат своето мислење за своите потреби, кога општината одлучува како да ги распредели финансиските средства. Ова се појавува и како препорака од Комитетот за правата на детето при ООН во сегментот распределба на средства, со што децата суштински ќе можат да учествуваат во битни за нив процеси.*




Графикон 12. Учество на децата во распределба на средства на општината

Според интервјуто со пратеничката од Собранието на РСМ, општините имаат структурални и ад-хок финансии, зависно од темите и потребите кои што им се приоритетни, но образованието на децата треба да биде приоритетно. Според интервјуто со претставникот на Град Скопје, Градот располага со прилично голем буџет и вклучува детска заштита. Од друга страна, не се забележани практики на учество на деца или граѓански организации при буџетирање за деца. Според интервјуто со претставничката на Детската фондација Песталоци, кога се работи за политики и буџетирање, често детските прашања се „само на хартија“ и не се приоритетни, а се иницираат промени само ако има некоја финансиска поддршка за таков процес. Ова исто така се потврдува и од НВО КМОП Скопје, според која, кога е во прашање буџетирањето на локално ниво, правата на децата не се дел од агендите на политичките партии, или се низок приоритет од нивните агенди.

Испитаниците сметаат дека **има потреба од поддршка на ученичкиот парламент** за да може да биде функционален и успешно да ги застапува потребите на учениците до возрасните. Тие сметаат дека има потреба од повеќе дијалог со директорот на училиштето, училиштето да обезбеди поголема слобода за практикување на правото на изразување на мислење и да добијат поддршка за тоа и од родителите и локалната самоуправа. Да се зајакнат капацитетите на членовите на парламентот да бидат отворени и комуникативни со своите врсници како и преку финансиска поддршка за активности. Децата исто така сметаат дека членовите на ученичкиот парламент треба да бидат потранспарентни и реалистични за своите одлуки пред другите ученици, за да може да добијат поддршка од нив. Од друга

страна сметаат дека соучениците треба да го поддржат ученичкиот парламент за да биде посилен во своето делување, да се одржуваат почести состаноци, на кои понекогаш ќе учествуваат и наставници, да ги консултираат соучениците многу почесто за нивните интереси.

## 5.4. Безбедност и заштита од насилство

Според Национална стратегија за превенција и заштита на децата од насилство (2020-2025), под поимот насилство се подразбираат „сите видови на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреба, занемарување или немарен однос, малтретирања или експлоатација на дете, вклучувајќи ја и сексуалната злоупотреба, во однос на доверба и грижа од страна на родителите, старателите или некое друго лице на кое законски му е доверена грижата за детето“. Овој поим многу пошироко го дефинира насилството и подразбира насилство врз деца и тоа не само во контекст на меѓусебни односи на одговорност, доверба или моќ, како што се родители/старатели, туку и во меѓусебен однос со врсници, туѓинци, или кое било лице или група.

Последните истражувања заклучуваат дека училиштата не се подготвени да се справат со проблемот на растечко насилство и со различните видови насилство, за што сведочат извештаите на Народниот Правобранител.

Учесниците во истражувањето имаа можност да оценат со оценка од 1 до 5 колку се чувствуваат безбедно дома, на училиште, во соседството и на интернет. Испитаниците се чувствуваат најбезбедно дома (со 5 одговориле 91,2 %) а **најмалку безбедни на интернет каде што најголемиот дел одговориле со 3 (31,9 %)** – средна оценка за безбедноста на интернет M = 3,24. Испитаниците изјавиле дека во своето место на живеење најмногу се чувствуваат небезбедни поради присуство на насилство поради физички изглед и етничка припадност, кучиња скитници и проблематични момчиња во групи.

| | **На скала од 1 до 5, при што 1 значи најмалку безбедно, а 5 најмногу безбедно, оцenete колку се чувствувате безбедно (%)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | **Вкупно** |
| Дома | 0,0 | 0,9 | 2,7 | 5,3 | 91,2 | **100,0** |
| На училиште | 0.9 | 5,3 | 24,8 | 35,4 | 33,6 | **100,0** |
| Во соседството | 1,8 | 6,2 | 22,1 | 36,3 | 33,6 | **100,0** |
| Интернет | 14,2 | 12,4 | 31,9 | 18,6 | 23,0 | **100,0** |

Табела 4. Оценка за чувство на безбедност

**42,5 %** од испитаниците сметаат дека има насилство во нивното училиште. Кога ги прашавме учениците *„кој облик на насилство е најчест помеѓу твоите врсници“*, 25,7 % одговориле дека вербалното насилство е најчест облик, по што следи социјално насилство (исклучување од група / озборување) со 24,8 %. Трите најчести причини за насилство помеѓу врсниците се докажување на сила, љубомора и проблеми во однесувањето. Испитаниците сметаат дека нема разлика помеѓу полот во однос на тоа кој е најчесто жртва на насилство – 54% од испитаниците сметаат дека и момчињата и девојчињата се подеднакво жртви на насилство.

„Насилството раѓа насилство“

„Повеќе другарство, помалку насилство, повеќе насмевки и помалку неправди“




Графикон 13. Најчести причини за насилство помеѓу учениците

Само една четвртина (**25,7 %**) од испитаниците досега изјавиле дека пријавиле насилство. Но, она што е интересно и укажува на присутноста на насилство е што 15 % од испитаниците изјавиле дека не сакаат да одговорат. Тоа сугерира дека можеби биле сведоци на насилство, но не се чувствуваат удобно да разговараат за тоа или да го пријават.




Графикон 14. Практика на пријавување насилство

Само 33,6 % од испитаниците сметаат дека одговорните служби во своето училиште реагираат соодветно и навремено на случаите на насилство. Голем дел од испитаниците изјавиле дека не се запознаени како реагираат службите (27,4 %) или дека службите не реагираат соодветно и навремено (11,5 %). Според испитаниците, три најприоритетни акции кои одговорните ги преземаат кога ќе се случи насилство се: вклучување на родителите / старателите во активности за спречување на насилството (46,9 %), казнување на насилниците (41,6 %) или давање помош и поддршка на учениците со проблеми во однесувањето (23,9 %).




Графикон 15. Постапување на одговорните во училиште при случај на насилство

Според интервјуто со претставници од Град Скопје, има потреба да се работи на темите булинг, дискриминација, ЛГБТИ теми, почитување на различности, како и на подобрување на довербата на децата кон стручните служби. Стручните служби сè уште се гледаат со стравопочит наместо како поддршка на учениците.

Ова го потврдува и ЈУМЦСР, според кој дополнително, децата се изложени на разновидни социо-патолошки појави поради што повеќе треба превентивно да се работи во училиштата (со децата, но и со родителите) на теми поврзани со ризиците како што се користење дроги, алкохол, трговија со луѓе итн. Според Центарот, сè повеќе се случува децата на возраст од 12 – 13 години да излегуваат по клубови,  дискотеки, паркови во ситуација кога родителите имаат помала контрола имајќи предвид дека законски децата на таа возраст не смеаат да бидат надвор од дома по полноќ. Како поддршка треба да се јават општините, кои според интервјуто со УНИЦЕФ, иако треба да имаат програми за детска заштита, најголемиот дел немаат доволно капацитети и ресурси за детска заштита и за сеопфатен пристап. Дополнително, децата сметаат дека им е потребно поголемо чувство на безбедност за време на нивното движење вон домот и училиштето.

Истражувањето ја опфати и застапеноста на младите на интернет, т.е. на социјалните мрежи и алатки. Во однос на присутноста на испитаниците на социјалните мрежи, може да се забележи дека младите се најприсутни на **Instagram (76,1 %)**, потоа Snapchat (74,3 %) и ТикТок (68,1 %). Како други социјални мрежи или алатки за комуникација, испитаниците ги навеле BeReal, YouTube, Twitter, Reddit, Viber, Discord и WhatsApp. Само 10 % изјавиле дека немаат профили на социјални мрежи. Она што сепак загрижува е дека има испитаници под 13 години кои имаат профили на социјалните мрежи иако согласно правилата, сопствен профил може да креираат лица со возраст од најмалку 13 години.




Графикон 16. Поседување профили на социјални мрежи и платформи

Најголем дел од испитаниците ги користат социјалните мрежи најчесто за забава, гледање и споделување слики и видеа. За информирање и читање новости, децата најмногу користат

Facebook, додека Youtube е најчесто користен од децата за едукација и учење на нови вештини и знаења.

| Како најчесто ги користиш социјалните мрежи / платформи? (процент) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Најчесто за забава, гледање / споделување слики и видеа | За информирање и читање новости | Едукација и учење нови знаења и вештини | Не користам социјални мрежи / платформи | Не одговориле | **Вкупно %** |
| Facebook | 15.9 | 27.4 | 4.4 | 50.4 | 1.8 | **100** |
| Instagram | 62.8 | 13.3 | 3.5 | 19.5 | 0.9 | **100** |
| TikTok | 67.3 | 6.2 | 4.4 | 21.2 | 0.9 | **100** |
| Snapchat | 65.5 | 8.0 | 1.8 | 23.9 | 0.9 | **100** |
| Youtube | 50.4 | 13.3 | 33.6 | 2.7 | 0,0 | **100** |
| Други | 24.8 | 11.5 | 9.7 | 30.1 | 23.9 | **100** |

Табела 5. Користење на социјални мрежи

Само 8,8 % од испитаниците изјавиле дека нивни податоци, фотографии или видеа биле споделени на интернет без нивна согласност, додека 25,7 % изјавиле дека познаваат врсник / врсничка на кого тоа му се случило. Позитивно е тоа што речиси две третини од децата (65,5 %) изјавиле дека нивни податоци, фотографии или видеа никогаш не биле споделени на интернет без нивна согласност.

На прашањето „*Каде ќе се обратиш доколку некој те малтретира на интернет или злоупотреби твои лични податоци/фотографија/видео?*, имајќи можност да бираат повеќе одговори, испитаниците најчесто ги избрале опциите семејството (69,95 %), полиција (29,25 %) и пријател (22,15 %). Најмала е довербата кај невладините организации.




Графикон 17. Пријавување при случај на малтретирање или злоупотреба на интернет

## 5.5. Квалитет на образование

Најголем дел од испитаниците или **38,1 %** генерално сметаат дека го добиваат потребното знаење во училиште, додека 31,9 % сметаат дека училиштето им дава просечно знаење во споредба со нивните интереси. Само 5,3 % одговориле дека училиштето воопшто не им го обезбедува потребното знаење. Најголемиот број на испитаници или речиси половина (46,9 %) сметаат дека мал број наставници користат интересни начини за пренесување на знаењето за време на наставата.




Графикон 18. Перцепција за добивање на потребните знаења на училиште

Според учениците, нивните училишта претставуваат пријатен простор за учење и работа. Тоа го потврдуваат 63,7 % од испитаниците. Од друга страна, 48,7 % сметаат дека училиштето е соодветно прилагодено за потребите на децата со попреченост, а останатите сметаат дека прилагоденоста е делумна (41,6 %) или дека воопшто не е прилагодено (9,7 %).

Загрижувачки е тоа што *повеќе од една четвртина од испитаниците изјавиле дека немаат и не користат компјутер, паметна табла или други слични помагала во училишната настава*. 34,5 % изјавиле дека понекогаш користат компјутер во наставата. Дополнително само една четвртина или **24,8 %** изјавиле дека често користат дигитални алатки при наставата. Најголемиот дел испитаници изјавиле дека користат дигитални алатки, но тоа е многу ретко. Исто така, го испитавме и нивото на корисност на дигиталните алатки кои ги користат, при што најголемиот дел смета дека алатките се корисни за нивното образование – 47,8 % делумно се убедени во корисноста на алатките, а 31% целосно сметаат дека дигиталните алатки се корисни за нивниот образовен развој.

Најголемиот дел или **62,8 %** сметаат дека училиштето обезбедува можности за учество во културни и спортски активности. Она што е интересно е дека 39,5 % не учествуваат воопшто

во училишни секции, а речиси 10 % изјавиле дека не постојат секции во нивните училишта. Оние кои учествуваат, најчесто се дел од хор и ликовна секција.




Графикон 19. Примена на дигитални алатки во наставата

На прашањето *„Што најмногу ти недостига во училиштето“* испитаниците изјавиле дека најмногу недостасува **креативност кај наставниците (43,4 %)**, потоа следи **подобри просторни и технички услови за учење (34,5 %)** и **воннаставни активности - проекти, секции, спортски активности (33,6 %)**. Дополнително, освен понудените опции, испитаниците додале дека им недостигаат програми за деца со попреченост, носење униформи, активности за компјутерска технологија, како и поголеми инфраструктурни капацитети.

| **Што најмногу ти недостига во училиштето** | | |
|---|---|---|
| | Број на одговори | % |
| **Креативност кај наставниците** | 49 | 43.4% |
| Другарство | 24 | 21.2% |
| Хигиена | 30 | 26.5% |
| **Подобри просторни и технички услови за учење** | 39 | 34.5% |
| **Воннаставни активности (проекти, секции, спортски активности и сл** | 38 | 33.6% |
| Поголема вклученост на учениците во планирање на образованието | 35 | 31.0% |
| Поголема вклученост на родителите во училиштето | 13 | 11.5% |
| Друго (наведи) | 10 | 8.8% |
| **Вкупно** | **238** | **210.6%** |

Табела 6. Перцепција за недостаток во училиштата

Според интервјуата, генерален наод е дека образовниот систем и образовните чинители уште не се спремни за некои подолгорочни суштествени промени. Потребно е да се направат реформи во образованието кои би следеле модерни и иновативни методи на учење во 21 век, со повеќе интерактивност со децата, како и децата да се стимулираат да одат не само на факултет, туку да се мотивираат и за градење поразлични вештини. Искуствата покажуваат дека наставниците не се секогаш спремни на работење поврзано со дополнителни активности и дека треба да има систем на евалуација и проценка на нивното работење.

Ова исто така, се потврдува и со интервјуто со МОФ каде според нив треба да се работи повеќе на градење на практични животни вештини, но исто така вклучувајќи построги критериуми за идниот наставен кадар при запишување на Педагошки факултет каде што многу повеќе треба да се обрне внимание на практична настава и учење.

Во однос на пристапот на образование на децата од Ромска припадност, според НВО КМОП Скопје, родителите се свесни за важноста на образованието, но немаат финански услови за да обезбедат децата да одат на училиште. Искуството од терен покажува дека не е доволно само да се работи на инклузијата во образование туку и паралелно да се работи на економското зајакнување на родителите.

Во однос на инклузијата во образованието, и покрај тоа што се градат сензорни соби за училишта, понекогаш и не се оптимално искористени, а од друга страна наставниците имаат потешкотии со инклузијата на децата со посебни потреби. Според ЈУМЦСР, и покрај тоа што постојат лични асистенти, се случува децата да немаат доволно внимание и тогаш фокусот за учење се губи.

## 5.6. Здравје

Пандемијата и мерките за контрола донесоа многу промени во животот на децата и младите, особено во оние области кои се важни за нивното ментално здравје и благосостојба. Посебно беа погодени децата кои живеат во сиромаштија. Истражувањата спроведени во земјите во светот за влијанието на пандемијата врз менталното здравје кај младите покажуваат зголемени симптоми на анксиозност и депресија, како и чувство на досада, немир, иритабилност, осаменост и загриженост. Според тоа, менталното здравје на децата и младите е важен дел во ова истражување.

Позитивен е наодот дека мнозинството од испитаниците се грижат за своето здравје. Во однос на здравата исхрана, околу две третини од испитаниците изјавиле дека речиси секој ден внесуваат здрава храна (66,4 %) а една четвртина (25,7 %) изјавиле дека внесуваат здрава исхрана 1 – 2 пати неделно. Сепак истражувањето покажува дека има и деца кои ретко (5,3 %) или никогаш не внесуваат здрава исхрана (2,7 %).

67,3 % од испитаниците изјавиле дека спијат доволно, односно речиси секој ден. Меѓутоа, сепак загрижувачки е тоа што останатиот дел испитаници (32,7 %) се соочува со недоволно квалитетно спиење што може да влијае врз однесувањето и менталното здравје. Во однос на физичката активност, повеќе од половина редовно се физички активни (55,8 %), но 25 % се физички активни 1-2 во неделата (25,7 %) или 1-2 пати месечно (15 %).

| Дали сметаш дека водиш здрав живот? (процент) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | речиси секој ден | 1-2 пати во неделата | 1-2 пати во месецот | никогаш | **Вкупно** |
| Внесувам доволно здрава храна, како и овошје и зеленчук | 66.4 | 25.7 | 5.3 | 2,7 | 100,0 |
| Спијам доволно | 67.3 | 21.2 | 7.1 | 4.4 | 100,0 |
| Физички сум активен (пешачам, спортувам, возам велосипед...) | 55.8 | 25.7 | 15.0 | 3.5 | 100,0 |

Табела 7. Степен на водење здрав живот

Генерално, децата изјавуваат дека се чувствуваат позитивно во однос на иднината, се чувствуваат сакано од другите и корисни во заедницата. Една третина изјавиле дека од време на време се чувствуваат сигурни во себе и имаат самодоверба, а 11,5 % изјавиле дека немаат самодоверба и се несигурни во себе, што укажува на потреба од поддршка од стручни лица. Исто така, повеќе од половина изјавиле дека повремено се чувствуваат под стрес т.е. вознемирени, а повеќе од една четвртина, или 25,7 % се чувствуваат под стрес речиси секој ден.

| Како се чувствуваш во изминатите 12 месеци? (процент) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | речиси секој ден | од време на време | никогаш | **Вкупно** |
| Се чувствувам позитивно кога мислам на иднината | 31.0 | 60.2 | 8.8 | **100,0** |
| Се чувствувам корисен | 46.9 | 45.1 | 8.0 | **100,0** |
| Имам самодоверба, се чувствувам сигурен во себе | 54.9 | 33.6 | 11.5 | **100,0** |
| Се чувствувам сакано | 61.1 | 27.4 | 11.5 | **100,0** |
| Се чувствувам расположено | 60.2 | 37.2 | 2.7 | **100,0** |
| Се чувствувам под стрес (вознемирено) | 25.7 | 54.0 | 20.4 | **100,0** |
| Се чувствувам тажно | 8.8 | 63.7 | 27.4 | **100,0** |
| Се чувствувам нерасположено | 12.4 | 66.4 | 21.2 | **100,0** |

Табела 8. Изјави за чувства во последните 12 месеци

Речиси половина или 48,7 % од испитаниците изјавиле дека за своите чувства, особено кога се чувствуваат тажно или вознемирено, разговараат најчесто со родителите (својата мајка), но исто така со другарчињата и наставниците. Загрижувачки е тоа што **37,2 %** или повеќе од една третина не сакаат со никого да разговараат за своите чувства.

Мнозинството испитаници или 48,7 % изјавиле дека стручните служби во училиштата се грижат за менталното здравје на учениците преку редовно одржување на средби, додека 36,3 % сметаат дека стручните служби ретко се состануваат со учениците.

Според интервјуто со пратеникот од Собранието на РСМ, многу е важно секое училиште да има компетентен стручен тим на поддршка за децата – социјален работник, психолог, педагог и специјален едукатор кои ќе делуваат во насока на психо-социјална поддршка за нивниот развој наместо кон казнување на децата.

# 6. ПРЕПОРАКИ

Препораките дефинирани во ова поглавје произлегуваат од идентификувата состојба на ниво на Град Скопје, содржат предлози од страна на анкетираните ученици и интервјуираните претставници на институции и организации. Дел од препораките кои се генерални се однесуваат на децата на улица, генерирани преку процесот на интервјуирање. Исто така, со цел да се обезбеди конзистентност при планирањето на стратегијата за правата на детето на Град Скопје за наредниот период, при планирањето на мерки, да се земе предвид Национална стратегија за превенција и заштита на децата од насилство (2020-2025), Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 – 2026, Стратегијата за образование 2018 – 2025, Завршните Согледувања на Комитетот за правата на детето при ООН од октомври 2022 година, Стратегиите за правата на детето на ЕУ и Советот на Европа, Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Град Скопје за период 2019-2024, како и Алтернативните извештаи за правата на детето поднесени од ПДАС Меѓаши, Коалиција на младински организации СЕГА, Отворена Порта – Ла Страда, Мрежа за заштита од дискриминација.

**Генерални препораки**

- Отворање на младински центри во сите општини на ниво на Град Скопје, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики, во насока на поттикнување на креативно изразување на децата и младите, неформално образование
- Воведување на фондови за деца кои живеат во сиромаштија за поддршка за набавка на книги, училишен прибор и материјали
- Воспоставување на дополнителни центри за деца на улица, посебно во посиромашните заедници
- Поттикнување на мерки за социјално претприемништво за вработување на родители на деца на улица
- Воспоставување и одржување на континуирана соработка помеѓу институциите и граѓанските организации, како и бизнис секторот во насока на креирање на социјално-одговорна платформа за зајакнување на децата / заедниците преку поддршката за децата на локално ниво
- Подигнување на свеста кај родителите и институции околу злоупотреба на децата на улица
- Изградба на игралишта за деца и зелени површини во посиромашните заедници, со фокус на Шуто Оризари
- Воспоставување на унифициран систем за прибирање податоци за деца на улица и деца повратници
- Воведување на специфична програма за поддршка за домување на семејства во ризик кои вклучуваат деца на улица
- промоција на разни занаети кај децата и младите (масери, кројачи, фризери, авто-механичари, шминкери, земјоделски работници итн.)
- Јакнење на соработката на општините и НВОи, во насока на поддршка за лиценцирање за давање услуги за детска заштита
- Воведување на систем за следење и оценка на стратегијата со предвидени ресурси за редовно прибирање на податоци и известување на редовна основа

**Информираност и познавање на правата на детето**

- Зајакнување на мерки за оснажување и поттикнување на децата да пријавуваат повреда на детски права, во рамките на училиштето и заедницата

- Организирање работилници, конкурси и информативни видеа за креативно изразување и претставување на детските права во насока на широко информирање

**Недискриминација**

- Да се зајакне улогата на ученичките правобранители во основните училишта како партнер на стручните служби во насока на препознавање на дискриминаторско и стереотипно однесување и мирно решавање
- Воведување на ученички правобранители во средните училишта по примерот на основните училишта, со поддршка од граѓанските организации и Народниот правобранител, применувајќи го Водичот за ученичко учество и заштита на детските права во основните училишта
- Воспоставување и одржување на практики на врсничка едукација во и помеѓу училишта за превенција на дискриминација и и последиците врз децата
- Активности за подигнување на свеста кај родителите од негативните последици од дискриминација и поттикнување на заеднички активности
- Јакнење на капацитети на наставници и стручни служби во училиштата за родовата еднаквост и промовирање на недискриминаторски речник
- Организирање на дебати и заедничко одлучување за воведување униформи во училиштата во насока на намалување на дискриминација
- Воспоставување на ученичка мрежа против дискриминација во Град Скопје со поддршка на меѓународната заедница и граѓанските организации

**Почитување на мислењето на детето и здружување на децата**

- Промоција на волонтерство кај децата во заедницата кај децата и наставниците
- Подигнување на свеста кај наставниците за демократско одлучување при избор на претседател на паралелка и клас
- јакнење на капацитетите на наставниот кадар и управата во училиштата за примена на партиципативни механизми во процесите на одлучување, врз основа на Законот за основно образование
- Организирање на редовни консултативни дебати во училиштата и заедницата на ниво на општина, со поддршка на возрасните
- Промовирање на дигитални алатки за учество на учениците и прибирање на нивните мислења за училишни приоритети, со поддршка на граѓанските организации
- Воведување на програми за редовно јакнење на капацитетите на ученичките парламенти, како и поддршка при креирање и спроведување на годишни планови на ученичките парламенти
- Воведување на редовни годишни средби помеѓу преставници на учениците од основните и средните училишта и Градот Скопје за приоретизација при годишното програмско и финансиско планирање
- Визуелизација и промовирање на успешни приказни од ученички иницијативи

**Безбедност и заштита од насилство**

- Поттикнување на поддршка на врсничка едукација помеѓу учениците, креирање на информативни видеа и форум театар против насилство со фокус на последиците
- Воведување на програми за поддршка во училиштата за жртви на секакви типови на насилство, како и поврзување со релевантни институции за поддршка со примена на принципот на најдобар интерес на детето и целосна заштита
- Креирање на програми за поддршка на учениците со проблематично однесување, како и работилници со родители кон нивна поддршка и позитивно влијание

- Одржување на работилници за јакнење на вештините на учениците за безбедно однесување на интернет, како и заштита на личните податоци
- Јакнење на свеста на децата под 13 години за примена на социјалните мрежи во согласност со законската регулатива
- Работилници со деца за поттикнување на правилно користење на интеренет и социјални мрежи во насока на поттикнување на редовно користење на алатки и платформи со едукативни содржини
- Зајакнување на мерките за справување со улични кучиња и нивно згрижување во насока на безбедно движење на децата во заедницата
- Јакнење на мерките за превенција и справување на насилство во јавниот превоз преку кампањи во соработка со сите засегнати страни

**Квалитет на образование**

- Јакнење на капацитетите на наставниот кадар за современи методи за настава кон интерактивно учење со примена на алатки применети во неформално образование, како и атрактивни дигитални алатки при наставата
- Подобрување на инфраструктурните капацитети на училиштата во насока на обезбедување на пристапност за лицата со попреченост
- Вградување на проектното работење и истражувачки активности во наставата
- Воведување на практики на редовна евалуација на работата на наставниците од страна на учениците
- Јакнење на кариерно советување на учениците кон соодветно продолжување на образование и професионална ориентација врз основа на нивните индивидуални интереси и таленти
- Зголемување на фондови за техничко современо опремување на основните и средните училишта
- Вградување на програми за зајакнато учење и практикување на солидарност, емпатија и хуманост
- Воведување на мерки за бесплатно користење на спортски сали и игралишта од страна на учениците
- Зајакнување на примена на настава во природа, како и мобилност преку екскурзии на национално и меѓународно ниво
- Подобрување на екипирањето на стручните служби кон пресретнување на потребите на сите деца (психолог, педагог, дефектолог, социјален работник, специјален едукатор и рехабилитатор, образовен асистент)
- Воспоставување на соработка со граѓански организации за активности за градење вештини на децата за креативно и критичко размислување
- Воведување на бесплатни курсеви за деца за дигитални вештини, програмирање, цртање (Photoshop)

**Здравје**

- Вградување на редовна комуникација на стручните служби со сите ученици во однос на проценка на однесување и ментално здравје на учениците
- Спроведување на работилници за подигнување на свеста на тинејџерите за ризиците за нарушување на менталното здравје како и промовирање на здрав живот и физички активности
- Воведување на велосипедски клубови во заедниците за деца и млади во соработка со постоечки неформални вело иницијативи
- Воведување на програми за едукација на децата и родителите за здрава исхрана

# 7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Завршни Согледувања на Комитетот за правата на детето при ООН (Concluding Observations on the combined third to sixth periodic reports of North Macedonia), октомври 2022 година, достапно на англиски јазик на https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRC%2fC%2fMKD%2fCO%2f3-6&Lang=en

2. ЕУ Стратегија за правата на детето (Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions EU Strategy on the rights of the child, COM/2021/142 final), март 2021, достапна на англиски јазик на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX%3A52021DC0142

3. Европската гаранција за деца, јуни 2021, достапна на англиски јазик на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=uriserv%3AOJ.L_.2021.223.01.0014.01.ENG&toc=OJ%3AL%3A2021%3A223%3ATOC

4. Стратегија за правата на детето (2022-2027) на Совет на Европа, февруари 2022, достапна на англиски јазик на: https://rm.coe.int/0900001680a5a064

5. Алтернативен извештај на невладините организации за состојбата со правата на децата во Македонија, Македонска национална коалиција за правата на детето, декември 2020 година, достапен на македонски јазик на: http://megjashi.org.mk/content/pdf/%D0%90%D0%BB%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98_%D1%84%D0%B8%D0%BD.pdf

6. Алтернативен извештај за спроведување на Конвенцијата за правата на детето, Коалиција на младински организации СЕГА, август 2020 година, достапен на македонски јазик на: https://www.sega.org.mk/images/pdf/Alternativen_Izvestaj_za_sproveduvanje_na_KPD_vo_RSM_MK.pdf

7. Закон за основно образование – Службен весник, бр. 161/2019, достапно на македонски јазик на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/dc070a58a138483aa68da4517a10ac1e.pdf

8. Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта – Коалиција на младински организации СЕГА, 2020 г., достапно на македонски јазик на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Vodic-za-ucenicko-uchestvo-i-organiziranje_MK.pdf

9. Закон за средно образование – консолидиран текст, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020, достапен на: https://www.mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20srednoto%20obrazovanie.pdf

10. Стратегија за заштита на деца од сите форми на насилство 2020 – 2025 со Акциски план за 2020 – 2022, достапни на македонски јазик на:

http://dspdp.com.mk/vesti/nacionalna-strategija-2020-2025-i-akciski-plan-2020-2022-za-prevencija-i-zastita-na-decata-od-nasilstvo/

11. Упатство за постапката за пријавување ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, Министерство за образование и наука, јуни 2020 г., достапно на македонски јазик на: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2020/07/%D0%A3%D0%BF%D0%B0%D1%82%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%B7%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%B8-%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%83%D1%87%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B6%D1%80%D1%82%D0%B2%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D1%98%D0%B0-%D0%B1%D0%B8%D0%BB%D0%BE-%D0%BE%D0%B4-%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%B7%D0%BB%D0%BE%D1%83%D0%BF%D0%BE%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%B1%D0%B0-%D0%B8-%D0%B7%D0%B0%D0%BD%D0%B5%D0%BC%D0%B0%D1%80%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5.pdf

12. Закон за правда на децата, „Службен весник на РМ“ бр.148/13, и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и бр. 275/12, достапен на македонски јазик на: https://www.pravda.gov.mk/upload/Documents/Zakon%20za%20pravda%20na%20deca.pdf

13. Закон за заштита на децата, консолидиран текст, август 2022 година, достапен на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/Zakon%20DZ/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%20%D0%B0%D0%B2%D0%B3%D1%83%D1%81%D1%82%202022.pdf

14. Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Град Скопје за период 2019-2024, октомври 2019 г., достапна на: https://skopje.gov.mk/media/4493/%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%B8-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%B2%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%87%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4-%D1%81%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5.pdf

15. Стратешки план на Град Скопје за период 2020-2022 година, достапен на https://skopje.gov.mk/media/4910/strateski-plan-na-grad-skopje-2020-2022.pdf

16. Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје, со акционен план за период 2018-2021, достапна на https://skopje.gov.mk/media/4911/strategija-za-lokalen-ekonomski-razvoj-na-grad-skopje-so-akcionen-plan-period-2018-2021.pdf

17. Буџет за 2022 година на Град Скопје, достапен на: https://skopje.gov.mk/media/7722/%D0%B1%D1%83%D1%9F%D0%B5%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4-%D1%81%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-2022-%D0%BE%D1%84%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD.pdf